РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број / Numer 03-14
01.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

Предмет: Одговор на Претставка

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/14 од 23.06.2025 година) и дополнителните реакции испратени по електронска пошта во врска со онлајн медиумот www.vestimak.mk за кој велите дека е наменет за пропаганда и ширење тензии на социјалните мрежи и внимателно ги разгледа и неколкуте слики од објавите на Фејсбук страната на Vestimak.mk што ни ги испративте во прилог.

Ве известуваме дека согласно последните измени и дополнувања на Законот за медиуми од 29.04.2025 година, издавачите на онлајн медиуми-интернет портали, по исполнување на условите пропишани во член 5 од Законот за медиуми, **на доброволна основа доставуваат пријава за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали**[1] кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Посочениот онлајн медиум** www.vestimak.mk**, досега нема поднесено пријава за упис во Регистарот, оттаму Агенцијата нема законска надлежност да изврши административен надзор** врз работењето на медиумот во поглед на обврските за објава на импресум. Дополнително, **Законот за медиуми не предвидува можност за содржинска анализа на објавите преку спроведување програмски надзор врз издавачите на онлајн-медиуми-интернет портали**, напротив во член 1 став 2 од Законот изрично е наведено дека: *„Предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиум и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините"*. Исто така, **Агенцијата нема надлежности на каков било начин да го исклучи од промет домејнот на кој што е регистриран овој медиум**.

Во насока на понатамошно постапување, Вашата претставка ќе биде проследена до саморегулаторното тело – Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), кое разгледува претставки поврзани со етичкото известување и професионалните стандарди во медиумите, вклучително и за нерегистрираните онлајн портали.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

СКОПЈЕ / SHKUP

[1] Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали е достапен на: https://shorturl.at/[illegible]